Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0201-58/5
23.06 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-58/1 од 08.04.2021 поднесена од [redacted] од Скопје против [redacted] Скопје за сторена дискриминација врз основа на врз основа на пол и род во областа на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 17.06.2021 го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ИЗВРШЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол и род во областа на работните односи од страна на [redacted] врз [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 08.04.2021 беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје, со место на живеење на ул. [redacted] Скопје, против [redacted] Скопје, ул. [redacted] Скопје.

Во претставката подносителката наведува дека врз неа, како вработена на работно место правничка во [redacted] Скопје, е сторена дискриминација врз основа на пол и род од страна на работодавачот. Согласно наводите од претставката подносителката тврди дека работодавачот ја дискриминирал врз основа на пол и род бидејќи не и дозволил користење на денови од годишен одмор и дополнително и врачил опомена пред отказ бидејќи не се придржувала на распоредот на работното време и без најава не се појавила на работно место во периодот од 08.03.2021 до 12.03.2021 година. Отуството од работа подносителката го правда со решение на Државниот санитарен и здравствен инспекторат бр. 09-2986 од 10.03.2021 година, со кое нејзината малолетна ќерка, [redacted], се става под здравствен надзор и домашна изолација во Центар за јавно здравје Скопје – Центар, во траење од 14 денови од последен контакт со лабораториски докажано заболено лице од коронавирус (COVID-19). Подносителката го приложи спomenатото решение кон претставката со тврдења дека неможноста да користи денови од одмор додека нејзината ќерка е во домашна изолација претставува дискриминација од страна на работодавачот врз неа како мајка врз основа на пол и род.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителката веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 15.04.20201 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави

Известување бр. 0801-58/2 до [redacted] Скопје со барање за писмено произнесување на наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

На 29.04.2021 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено писмено произнесување по предметната претставката од [redacted] Скопје, преку полномошник Адвокат [redacted].

Во поднесокот за произнесување по претставката се наведува дека согласно Решението на Државниот санитарен и здравствен инспекторат бр. 09-2986 од 10.03.2021 година ќерката на подносителката била во контакт со лице заболено од COVID-19 на 10.03.2021 и дека самото решение е издадено на истиот датум, а подносителката без претходна најава и одобрение отсуствувала од работа на 08.03.2021 и 09.03.2021. Дополнително, во поднесокот е наведено дека подносителката ова решение му го презентирала на работодавачот на 26.03.2021 во прилог на одговорот по претходно спомената опомена пред отказ, нешто што е наведено и во самата претставка на подносителката. Согласно ова, работодавачот не можел да биде свесен за постоењето на ваквото решение при доставувањето на опомената пред отказ. Понатаму во поднесокот се наведува дека опомената пред отказ не е доставена затоа што подносителката неоправдано отсуствувала од работа на 08.03.2021 и 09.03.2021, туку затоа што во континуитет не се придржувала до работното време, што претставува повреда на одредбите на ЗРО во смисла на кршење на работниот ред и дисциплина. За ваквите тврдења во прилог на поднесокот до Комисијата се доставени Опомена пред отказ на договор за вработување бр. 04-201 од 23.02.2021 и извод од електронска евиденција на работното време на подносителката. Дополнително, лицето против кое е поднесена претставката во поднесокот наведува дека на подносителката и е овозможено користење на денови од годишен одмор кога го побарала, за што доставува и извод од Евиденција за користење годишен одмор, во која јасно се гледа дека подносителката искористила 9 работни денови од годишниот одмор за 2020.

Видно од доставените докази од страна на лицето против кое е поднесена претставката, подносителката во периодот од 02.01.2020 до 23.03.2021 не се придржувала до работното време, распоредот и користењето на работното време. Подносителката не го известила навремено писмено работодавачот за отсуство од работа за периодот 08.03.2021 – 11.03.2021, ниту пак писмено и навремено побарала користење на денови од годишен одмор во овој период, согласно одредбите на Законот за работни односи. Со ваквите дејствија подносителката извршила кршење на работниот ред и дисциплина, односно не се придржувала кон одредбите што важат за вршење на работите на работното место во смисла на член 81, став 1, точки 1, 4 и 5 од Законот за работни односи.

Согласно наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно [redacted] Скопје во својство на работодавач не извршил дискриминација врз основа на пол и род врз вработената [redacted] во смисла на Законот за спречување и заштита од дискриминација и од тие причини одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
23.06.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација * Скопје

Доставено до:

-[redacted]

-[redacted]